# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 23 Декември 2004 година<br>Службен гласник број **11**<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1725/1
23.12.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.12.2004 година, донесе:

**Д Е Л О В Н И К**
на Советот на Општина Прилеп

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредуваат организацијата и функционирањето на Советот на Општина Прилеп (во натамошниот текст: Совет) и работните тела на Советот (во натамошниот текст: работни тела).

Член 2

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на 3 (три) месеци.

Седниците на Советот се јавни.

Советот може да одлучи да работи без присуство на јавноста, под услови утврдени со Статутот и овој Деловник.

Член 3

При работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Граѓани на други држави кои се поканети да учествуваат во работата на Советот или да се обратат на Советот, имаат право да зборуваат на својот јазик.

Говорот одржан на јазик различен од македонскиот јазик, задолжително се преведува на македонски јазик.

Член 4

Претседателот на Советот, го претставува Советот.

Член 5

Советот има печат.

Печатот на Советот има тркалезна форма со пречник од 3 (три) см во чија средина се наоѓа грбот на Општината, на чии рабови е испишано: "Република Македонија - Општина Прилеп" и во вториот ред има натпис: "Совет на Општина".

Член 6

Одредбите на овој Деловник соодветно се применуваат и во работата на Советот во случај на воена или вонредна состојба ако со овој Деловник или со друг општ акт не е поинаку уредено.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

1. Верификација на мандатите на членовите на Советот

Член 7

Мандатите на членовите на Советот ги верифицира Советот на првата седница.

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од став 2 на овој член, членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 дена по истекот на рокот од став 2 на овој член.

Член 8

Мандатите на членовите на Советот се верифицираат по предлог на Верификационата комисија.

Верификационата комисија ја избира Советот, на конститутивната седница, на предлог на претседавачот.

Верификационата комисија се состои од претседател и 2 члена.

Член 9

Верификационата комисија врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, по проверката на доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува Извештај со предлог за верификација.

Член 10

Извештајот и предлогот на Верификационата комисија, Советот ги разгледува во целина.

Ако Верификационата комисија по утврдувањето на идентитетот на членовите на Советот, утврди одредени несогласувања на доставените уверенија од страна на членовите на Советот со известувањето на Општинската изборна комисија, на Советот му предлага да ја одложи верификацијата на спорните мандати.

За секој таков предлог се гласа поединечно.

Член 11

Советот може да ја одложи верификацијата на мандатот и да побара од Општинската изборна комисија да ги согледа и отстрани причините за одлагање на верификацијата на мандатот на советникот.

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седницата на Советот и да учествува во работата, но без право на одлучување.

Член 12

Одложената верификација на мандатот како и верификацијата на мандатот на членови на Советот кои станале членови на Советот од листата на кандидати за остатокот од мандатот, Советот ја врши на првата наредна седница врз основа на Извештајот на Општинската изборна комисија, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Член 13

Советот е конституиран ако се верифицирани мандатите на повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

Член 14

Со верификацијата на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со Закон, со Статутот и со овој Деловник.

2. Избор на претседател на Советот

Член 15

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот.

Кандидат за претседател на Советот предлага Кандидационата комисија.

Член 16

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидационата комисија е составена од претседател и 4 членови, кои се избираат на предлог на членовите на Советот.

Предлогот за членови на Кандидационата комисија содржи онолку кандидати колку што има членови Комисијата.

Кандидационата комисија со мнозинство гласови предлага 1 или повеќе кандидати за претседател на Советот.

Со изборот на претседател на Советот, Кандидационата комисија престанува со работа.

Член 17

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање, доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на презимињата на кандидатите.

Член 18

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи најстариот член на Советот, кој претседава со седницата.

Ако гласањето е тајно му помагаат и двајца членови што ги определува Советот.

Член 19

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 20

Ако за претседател на Советот е предложен 1 (еден) кандидат, се смета за избран доколку кандидатот добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако кандидатот не го добие потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател на Советот се повторува со нов предлог.

Член 21

Доколку се предложени повеќе кандидати, а во првиот круг никој од кандидатите за претседател на Советот не го добил потребното мнозинство гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои што во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател на Советот е избран кандидатот, кој што во вториот круг на гласање, добил повеќе гласови.

Член 22

По изборот на претседател на Советот, членовите на Советот и претседателот полагаат и потпишуваат свечена изјава.

Членот на Советот на кого му е верифициран мандатот, ако не бил присутен на првата седница, свечената изјава ќе ја потпише пред претседателот на Советот, кој за тоа го известува Советот на првата наредна седница

3. Избор на комисија за мандатни прашања, избор и именувања.

Член 23

На првата седница на Советот се избира Комисија за мандатни прашања, избор и именувања, составена од претседател и 4 (четири) члена.

Комисијата се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, на предлог на претседателот на Советот или најмалку 5(пет) членови на Советот.

Предлогот за членови на Комисијата содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на Комисијата.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

1. Присуство на седница на Советот

Член 24

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седниците на Советот и неговите работни тела чиј член е и да учествува во работата и во одлучувањето.

Член 25

Членот на Советот кој е спречен да присуствува на седниците на Советот должен е за тоа на време да го исвести претседателот на Советот.

Член 26

За присуство на членовите на Советот на седниците се води евидентен лист.

Право на надоместок имаат само членовите на Советот што се потпишале во евидентниот лист.

За редовноста на членовите на Советот, претседателот на Советот го известува Советот.

2. Давање иницијатива, предлози и поставување прашања до Градоначалникот на Општината.

Член 27

Членот на Советот има право да дава иницијативи и предлози до Градоначалникот за разрешување на актуелни состојби за кои е надлежна Општината.

Член 28

Членот на Советот има право да поставува прашања на Градоначалникот на Општината од негова надлежност на седница на Советот.

Членот на Советот прашањето на седницата го поставува усно или писмено, а доколку не е присутен Градоначалникот на Општината, истото писмено му се доставува од страна на претседателот на Советот.

Прашањето треба да биде кусо и прецизно и не смее да има елементи на расправа за содржината на која се однесува.

Член на Советот на иста седница може да постави најмногу 2 (две) прашања.

Член 29

На усно поставено прашање одговор се добива на седницата на која е поставено.

Ако Градоначалникот на Општината изјави дека не е во можност да даде одговор на таа седница, должен е одговорот да го даде на наредната седница на Советот усно или писмено.

Членот на Советот може да побара на прашањето што го поставил да му се одговори писмено.

Писмениот одговор се дава во рок од 10 дена по приемот на прашањето и се доставува до претседателот на Советот, кој го доставува до членовите на Советот со поканата за наредната седница.

На прашањето кое му е писмено доставено на Градоначалникот од страна на претседателот на Советот, одговор се дава во рок од 10 дена од приемот на истото.

Членот на Советот што го поставил прашањето, по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање.

3. Право на надоместоци

Член 30

Членовите на Советот имаат право на надоместок.

По предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината донесува Одлука за надоместок и трошоци направени во извршувањето на задачите доверени од Советот како и плаќање на надоместок и други трошоци на избраните и именуваните лица.

4. Право на обезбедување услови за вршење на функцијата член на Советот

Член 31

Членот на Советот има право да биде информиран за работата на Советот и за работата на работните тела на Советот.

Членот на Советот има право во врска со извршувањето на својата функција да бара стручна помош од општинската администрација на Општината по прашања од надлежност на Советот.

Претседателот на Советот има право да користи една просторија во седиштето на Општината за работа и состаноци во врска со извршувањето на својата функција. Просторијата по потреба можат да ја користат и координаторите на советничките групи.

Претседател на Комисија или друго работно тело на Советот, со членовите на истите имаат право да користат една од просториите во седиштето на Општината за одржување на состаноци во врска со работата на Комисијата или работното тело за прашања од нивна надлежност.

Членот на Советот има право преку Советот да бара податоци од јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа Советот, кои му се потребни за извршување на својата функција.

5. Обврска за чување на тајна

Член 32

Членот на Советот е должен да ја чува државната, службената и деловната тајна.

Како тајна се смета секој спис или податок што ќе биде означен со ознака "доверливо" од страна на подносителот.

Членот на Советот е одговорен за повреда на тајната, согласно Законот.

Начинот, ракувањето и чувањето на материјалите, кои се сметаат за доверливи се утврдува со акт на Советот.

6. Престанок и одземање на мандат

Член 33

На член на Советот му престанува мандатот или може да му биде одземен во случаите и на начин утврдени со Закон, Статут и Деловник.

Член 34

Ако членот на Советот поднесе оставка, истата писмено ја доставува до претседателот на Советот, а може и да ја образложи на седница на Советот.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот.

Мандатот поради поднесена писмена оставка престанува со денот на поднесувањето на оставката.

Оставката може да се повлече до почетокот на седницата на која се констатира престанок на мандатот.

Член 35

На членот на Советот му престанува мандатот и во случај на смрт.

Ако член на Советот е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор од над 6 месеци, за тоа веднаш во псимена форма се известува претседателот на Советот.

Известувањето од став 2 го поднесува Судот, кој ја изрекол казната, а тоа може да го направи и политичка партија и секој граѓанин во кој случај се бара писмен доказ од Судот, кој ја изрекол казната.

Претседателот на Советот, известувањата од став 1 и 2 ги доставува до членовите на Советот и Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, која за тоа поднесува Информација до Советот на првата наредна седница.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот поради исполнување на еден од условите утврдени со Закон.

Член 36

Претседаталот на Советот врз основа на евиденцијата што се води за присуство на членовите на Советот на седницата ја известува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања дека одделен член на Советот неоправдано отсуствувал од седницата на Советот на 3 седници по ред, која дава предлог до Советот за одземање на мандатот.

По информацијата за одземање на мандатот од став 1 и предлогот од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот води расправа.

Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, го утврдува одземањето на мандатот.

## IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ

Член 37

Претседателот на Советот ги свикува седниците на Советот и е должен:

- да ја отвори, раководи и заклучи седницата;

- да ги води и заклучува расправите на седницата на Советот;
- да одржува ред на седницата;
- да ги најавува дискутантите;
- да ги става прашањата и предлозите на гласање;
- да ги огласува резултатите од гласањето.

Член 38

Претседателот на Советот:

- се грижи за организацијата и работата на Советот;
- се грижи за примена на Деловникот на Советот и дава појаснување во врска со неговата примена;
- се грижи за остварување на правата на членовите на Советот и за обезбедување услови за нивна работа и информирање;
- се грижи за спроведување на начелото за јавност во работата на Советот;
- ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува до Градоначалникот на Општината заради прогласување и објавување;
- врши и други работи утврдени со Статутот на Општината и овој Деловник.

## V. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОР, ИМЕНУВАЊЕ, ОСТАВКА И РАЗРЕШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОВЕТОТ

1. Избор на работни тела на Советот

Член 39

Постојаните работни тела на Советот, нивниот број и состав се утврдени со Статутот на Општината.

Повремените работни тела се основаат со Одлука на Советот со која се утврдува бројот, составот и задачите на повремените работни тела.

Член 40

Претседателот и членовите на работните тела ги избира Советот.

Предлогот за составот на работното тело го утврдува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати, колку што се избираат членови на работното тело.

За предлогот на кандидатите за избор, се гласа во целина.

Претседателот и членовите на работните тела се избираат со мнозинство гласови од присутните членови.

2. Разрешувања и избори на членови на работните тела на Советот

Член 41

Разрешувањето и изборот на нов член на работните тела на Советот се врши поединечно.

Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор, односно именување, соодветно се применуваат и во постапката за разрешување, доколку не е поинаку утврдено со Закон, Статутот и овој Деловник.

## VI. СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ

1. Свикување на седница и предлагање на дневен ред

Член 42

Седницата на Советот ја свикува претседателот на Советот, со Решение.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање од најмалку 1/4 (една четвртина) од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот, седница на Советот ќе свика член на Советот, кого ќе го овласти претседателот.

Член 43

Решението за свикување на седница на Советот со денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, се објавува најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата.

Предлогот за дневен ред и материјалите по прашањата што се предмет на расправа им се доставуваат на членовите на Советот најдоцна 3 (три) дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот.

Во итни случаи, претседателот на Советот може да свика седница и во рок покус од 7 дена и дневниот ред може да го предложи на самата седница.

Член 44

Дневниот ред за седницата на Советот го предлага претседателот на Советот, а го утврдува Советот на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневниот ред, претседателот на Советот ги вклучува сите прашања кои до денот на свикувањето се доставени до Советот од страна на овластените предлагачи.

Ако во предлог-дневниот ред, претседателот на Советот не го внесол прашањето што го предложил предлагачот, претседателот е должен да ги изнеси причините за тоа.

Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 45

Членовите на Советот и Градоначалникот на Општината можат и по свикувањето на седницата, како и на самата седница да предложат во дневниот ред да се внесе одредено прашање доколку тоа прашање е од итен карактер и доколку во писмена форма се образложи итноста.

На седницата најнапред се одлучува за итност без претрес и расправа.

2. Претседавање со седницата

Член 46

Претседателот на Советот претседава на седницата на Советот.

Во случај на неможност да претседава претседателот на Советот, седницата на Советот ја отвора најстариот присутен член на Советот,и со истата претседава додека не се избере член на Советот кој ќе претседава.

Одлуката за избор на претседавач на седница е донесена ако за неа гласале повеќе од половина присутни членови на седницата на Советот.

3. Присуство и учество во работата на седницата

Член 47

На седницата на Советот, претседателот може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата претставници на подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа, јавни служби, установи и претпријатија и други органи и организации кога се разгледуваат прашања од нивна надлежност.

Претседателот на Советот ги известува членовите на Советот за тоа кој е поканет да присуствува на седницата на Советот.

4. Тек на седницата

Член 48

Седницата ја отвора и со неа раководи претседателот на Советот.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

Ако се утврди дека нема потребно мнозинство за работа, претседателот на Советот ќе ја одложи седницата за одреден ден и час.

Член 49

Пред утврдувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Членот на Советот може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и дополнувања.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако забелешката се усвои во записникот ќе се внесат соодветните измени.

Член 50

Претресот по прашањата од дневниот ред се врши според утврдениот редослед на дневниот ред.

Во текот на седницата, по предлог на претседателот на Советот или по предлог од пет членови, Советот без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања, односно да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани.

Член 51

На почетокот на претресот по секое прашање од дневниот ред, предлагачот односно негов претставник може да даде дополнителни образложенија или појаснувања.

Дополнителните образложенија или појаснувања може да траат најмногу 5 минути.

Член 52

Претресот по одделно прашање трае додека по него има пријавено учесници за збор.

Во текот или до завршувањето на претресот, Советот може да одлучи прашањето што се претресува да се одложи и да го упати на предлагачот односно надлежното работно тело на дополнително разгледување.

Советот, претресот по секое прашање од дневниот ред го завршува со донесување на соодветен акт, односно донесување на заклучок.

5. Прекин на седницата

Член 53

Претседателот на Советот ја прекинува седницата на Советот заради немање на мнозинство потребно за работа и заради нарушување на редот во салата каде што се одржува седницата.

Претседателот на Советот ја прекинува седницата и кога тоа ќе го побараат најмалку 5 членови на Советот заради дополнителни консултации.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Советот.

6. Завршување на седницата

Член 54

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, претседателот на Советот констатира дека седницата е завршена.

7. Право на говор

Член 55

На седницата на Советот никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателаот на Советот.

Претседателот на Советот по прашањето на дневен ред за кое се расправа на членовите на Советот им дава збор според редоследот на пријавувањето.

Членот на советот за исто прашање од дневниот ред не може повторно да се јави за дискусија ,освен ако треба да даде дообјаснување на својата претходна дискусија.

Времетраењето за дискусија го определува претседателот на Советот и не може да трае повеќе од 10 минути.

Доколку членот на Советот го пречекори времето кое е предвидено за дискусија, претседателот го опоменува и доколку и по опомената членот на Советот не престане со дискусија, претседателот му го одзема зборот.

Член 56

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Советот ќе го опомене. Ако говорникот и по повторната опомена не се придржува за дневниот ред, претседателот му го одзема зборот.

Во случаите кога ќе се злоупотреби редоследот на точките, претседателот може да му забрани на членот да дискутира.

Член 57

Членот на Советот има право на реплика . Репликата може да трае најмногу 2 минути.

Реплика на реплика не е дозволена, а на членот на Советот на кого му е реплицирано има право на одговор на репликата во траење од 2 минути.

Право на одговор на реплика има и членот на Советот, кој поименично е спомнат по репликата во траење од 2 минути.

8. Процедурални предлози

Член 58

Членот на Советот има приоритетно право на говор доколку побара дозвола за:

- предлагање на претходно прашање или укажување на спорен предлог;
- да предложи одлагање на расправата;
- да предложи заклучување на расправата;
- да предложи да се вратат предлозите повторно на работните тела.

Ниту еден од овие процедурални предлози не смее два пати да биде предложен за време на една иста расправа од ист предлагач и од исти причини.

Времетраењето на говор по процедуралните предлози не може да трае повеќе од 2 минути.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритетно значење по однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење можат да дадат предлагачот и известувачот или претседателот на работната група по чиј предлог се води расправата.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без расправа.

9. Одржување на редот

Член 59

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

Претседателот на Советот ќе го опомене членот на Советот ако со своето однесување, со земање на збор кога претседателот на Советот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник или со слична постапка го нарушува редот на седницата.

Членот на Советот кој и покрај опомената, односно одземениот збор, го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кои го навредува достоинството на Советот, може да биде отстранет од седницата.

Членот на Советот кој е отстранет од седницата должен е веднаш да ја напушти салата во која се одржува седницата, а ако претседателот на Советот не може да го одржи редот на седницата ќе одреди кус прекин на седницата.

10.Одлучување

Член 60

Советот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови, за сите прашања и за поединечните акти, а најмалку со 1/3 од вкупниот број членови на Советот, ако поинаку со Закон, Статут и овој Деловник не е определено.

Статутот, програмите, плановите, одлуките и другите прописи утврдени со Закон се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, доколку поинаку не е определено со Закон и Статутот.

Член 61

Јавното гласање се врши со кревање на рака.

Гласањето може да се врши и со поименично изјаснување.

Поименичното изјаснување може да се врши кога тоа ќе го побараат најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Советот.

Поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван член на Советот со "за" или "против" предлогот или со воздржување од гласање.

Прозивањето го врши претседателот на Советот.

За време на поименичното изјаснување забрането е влегување или излегување од салата.Претседателот на Советот е должен пред почетокот на поименичното изјаснување да ги повика членовите на Советот кои се моментално излезени од салата каде што се одржува седницата.

Член 62

Советот може да одлучи за одделни прашања гласањето да биде тајно доколку за тоа гласаат мнозинството од присутните членови на Советот.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и иста боја.

Со тајното гласање раководи претседателот на Советот, а му помагаат двајца членови на Советот кој ги избира Советот.

На секое гласачко ливче се става печат на Советот.

Член 63

Тајното гласање се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот и зборовите: "за" и "против", а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Во гласачкото ливче за избор, односно именување на носители на функции се наведува функцијата за која се врши изборот, имињата и презимињата на кандидатите поединечно според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број, а членовите на Советот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непотполното гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Советот гласал.

11. Записник

Член 64

За работата на седницата на Советот се води записник. Записникот ги содржи основните податоци за работа на седницата, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со одделните прашања од дневниот ред.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по прашањата од дневниот ред.

Усвоениот текст на записникот го потпишува претседателот на Советот.

Член 65

За составување на записникот и за чување на оргиналите на записниците се грижи општинската администрација.

Член 66

За работата на седницата на Советот може да се водат стенографски белешки или истата да се снима на компакт диск.

## VII. НАЧИН НА РАБОТА НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОВЕТОТ

Член 67

Работното тело на Советот работат на седници.

Седниците на работното тело ги свикува претседателот на работното тело.

Претседателот на работното тело е должен да свика седница ако тоа го побара претседателот на Советот или ако тоа го предложат најмалку три члена на телото, кои треба да достават потребен материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на работното тело не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ќе ја свика претседатеалот на Советот.

Работното тело на првата седница од редот на своите членови определува заменик на претседателот, кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

Доколку на седницата не присуствуваат претседателот и заменикот со неа претседава член на работното тело определен на самата седница.

Член 68

Поканата за седницата со предлог на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку 2 дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на работното тело се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред можат да се внесат и прашања што на самата седница ќе ги предложат членовите на работното тело.

На седницата можат да се поканат да присуствуваат предлагачите на одделни материјали, претставници на подрачните единици на министерствата, други органи на државната управа, други органи и организации

и поединци, кои можат да изнесат мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата.

Член 69

Работното тело може да одржува седници и да претресува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на работното тело.

Работното тело зазема ставови со мнозинство гласови од присутните членови.

Работното тело може да одлучи да одржи седница на која можат да присуствуваат само членови на тоа тело.

Од седницата на работното тело се поднесува извештај, кој го потпишува претседателот.

Член 70

Членот на работното тело има право и должност да присуствува на седницата на работното тело и да учествува во работата и одлучувањето.

За присуството на членот на работното тело се води евиденција.

Членот на работното тело кој е спречен да присуствува на седницата должен е за тоа на време да го извести претседателот на работното тело.

Член 71

Претседателот на работното тело го известува претседтелот на Советот за член на тоа тело кој три пати едно по друго неоправдано отсуствувал од седниците на телото. Работното тело може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

Член 72

Надлежното работно тело на Советот му поднесува извештај одделно за секое прашање што го разгледувало.

Извештајот содржи став на работното тело со образложение. Во извештајот се внесуваат и сите изнесени и издвоени мислења на предлози по прашањата што биле разгледувани на седницата на работното тело.

Претседателот на телото го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност.

Член 73

Работното тело определува известител.

Изветителот на работното тело на седницата на Советот ги застапува ставовите на телото.

Известителот не може да го менува ставот на работното тело или да се откаже од него, ако за тоа не го овластило телото.

Член 74

Работното тело може да му предложи на Советот да го одложи претресувањето на одделно прашање.

Член 75

Работните тела соработуваат меѓусебно.

Работните тела можат да одржуваат заеднички седници заради разгледување на прашања од заеднички интерес или усогласување на ставовите.

Заедничките седници на две или повеќе работни тела ги свикуваат договорно претседателите на тие тела.

Работните тела на заедничките седници гласаат одделно.

## VIII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ АКТИ НА СОВЕТОТ

1. Предлог за донесување општ акт

Член 76

Постапката за донесување општи акти започнува со поднесување предлог за донесување општ акт.

Член 77

Предлог за донесување општ акт можат да поднесат:

- Градоначалникот;
- членовите на Советот;
- работните тела на Советот;
- 10 % избирачи од Општината;
- управните органи на установите и претпријатијата, и
- јавните служби што ги основа Советот на Општината.

Член 78

Предлогот за донесување општ акт содржи правен основ за донесување и причините поради кои треба да се донесе актот.

Член 79

Предлогот за донесување општ акт може да се поднесе во писмена форма до претседателот на Советот.

Предлогот за донесување општ акт, претседателот на Советот го доставува до соодветното работно тело или надлежниот управен орган во рок од 5 дена од денот на неговото поднесување.

Предлогот за донесување општ акт се доставува и до Градоначалникот на Општината.

Член 80

Работното тело или управниот орган го разгледува предлогот и зазема став за основаноста и потребата од донесување на актот и за тоа го информира Советот.

Член 81

Советот на Општината го разгледува предлогот за донесување општ акт со ставот на работнотот тело и управниот орган и ја

утврдува основаноста и потребата за донесување на актот.

Ако Советот оцени дека нема основ и потреба за донесување на актот, за тоа го известува подносителот.

Член 82

Кога Советот на Општината ќе утврди основаност и потреба за донесување на општ акт, определува изготвувач на актот, доколку со предлогот за донесување општ акт не е поднесен и предлог на актот.

Член 83

Предлогот на општиот акт содржи правен основ за негово донесување, причините поради кои се донесува актот, образложение, потребните средства за негово спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

2.Донесување Статут на општината

Член 84

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт и како Предлог Сатут.

Член 85

Нацртот на Статутот го утврдува Советот по предлог на Статутарно правната комисија

.Советот Нацрт Статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната расправа.

Предлогот на Статутот на општината го утврдува Статутарно правната комисија врз основа на изнесените предлози,забелешки и мислења во текот на расправата.

Член 86

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Член 87

Измени и дополнувања на Статутот можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот,градоначалникот на општината,или најмалку 10% од избирачите во општината.

Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општината ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

3 Донесување Деловник на Советот

Член 88

Предлогот на Деловникот на Советот го утврдува Статутарно правната комисија.

Член 89

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 90

Измени и дополнувања на Деловникот можат да предложат претседателот,членовите на Советот и работните тела на Советот.

Предлогот за измени и дополнување на Деловникот се доставува во писмена форма.

4.Донесување програма за работа на Советот.

Член 91

Предлогот на програмата за работа на Советот го утврдува Комисијата врз основа на претходно прибавени предлози и мислења од овластени предлагачи и заинтересирани субјекти.

Комисијата од став 1 ја формира Советот и е составена од претседател и четири члена.

Предлогот на програма содржи назив на материјалот односно актот,предлагач и рок.

Член 92

Програмата за работа на Советот се донесува на крајот на календарската година,за наредната година,а од оправдани причини се носи до крајот на месец март во тековната година.

5.Донесување програми ,одлуки и други општи акти.

Член 93

Носители на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови тие предлози на акти да ги достават до Советот во соодветна форма за разгледување и донесување.

Прдлозите на акти и други матријали пред одржување на седницата на Советот ги разгледуваат работните тела согласно нивната надлежност.

Член 94

При донесувањето на програмите и одлуките ,предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.

Член 95

Генералниот и деталниот урбанистички план на општината ги донесува Советот во постапка утврдена со закон.

6.Одобрување на програми и други акти

Член 96

Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа или кои вршат работи од надлежност на општината.

Член 97

Ако советот не одобри програма ,тогаш формира работно тело кое заедно со преставници на подносителот на програмата ги усогласува ставовите.

Член 98

Советот одобрува и други акти во согласност со Закон.

Член 99

Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува заклучок.

7.Итна постапка за донесување одлуки

Член 100

По исклучок Советот на општината може и по итна постапка да донесе Одлука кога е тоа неопходно заради спречување на елементарни непогоди ,други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на општината.

Пред да се донесе одлуката ,Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка а потоа води расправа по предлогот на одлуката.

8.Расправа по предлог на акт и предлозите за измени и дополнување.

Член 101

По предлозите на актите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува за измени и дополнувања на оделни одредби по предлогот на актот.

Член 102

Предлог за измени и дополнувања на оделни одредби од предлогот на актот можат да поднесат членовите на Советот и предлагачот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на оделна одредба од предлог актот се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот и станува составен дел на предлогот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на оделна одредба од предлогот на актот кој се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот се усвојува со истото мнозинство и станува составен дел на предлогот на актот.

Член 103

Изјаснувањето за предлозите за изменување и дополнување на оделна одредба по предлогот на актот се врши по редоследот на нивното предлагање.

Кога за иста одредба од предлогот на актот се поднесени два или повеќе предлози за измени и дополнувања ,ако еден од предлозите добие потребно мнозинство,за останатите предлози членовите на Советот не се изјаснуваат.

Член 104

Пред изјаснувањето на членовите на Советот по поднесениот предлог за изменување и дополнување на оделна одредба од предлог актот има право да се изјасни во врска со поднесениот предлог.

9.Автетично толкување на општи акти

Член 105

Барање за автетично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот , 10% од избирачите во општината ,јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината и државните органи кога потребата од автентичното толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.

Член 106

Барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Статутарно правната комисија.

Член 107

Статутарно правната комисија по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од работните тела на Советот и од општинската администрација.

Член 108

Ако Статутарно правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на општината а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано,Статутарно правната комисија за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

10. Утврдување на пречистен текст на општи акти

Член 109

Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања,Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува Статутарно правната комисија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на актот во "Службен гласник на општина Прилеп".

11.Претресување на извештаи,информации и други матријали

Член 110

Советот ,претресува извештаи,информации и други матријали кој се во негова надлежност.

Пред да ги претресува Советот актите од став 1 од овој член ги разгледува надлежното работно тело.

## IX.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 111

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седницата на Советот.

Советот до Градоначалникот доставува материјали за седницата во ист обем и во истите рокови како и за членовите на Советот.

Член 112

Градоначалникот иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот.

Актите предложени од Градоначалникот задолжително пред седница на Советот ги разгледува надлежното работно тело.

Член 113

Градоначалникот на општината ги прогласува и објавува актите на Советот кои ќе му бидат доставени од страна на претседателот на Советот.

Член 114

Советот по укажување на Градоначалникот за неуставност или незаконитост на акт или одлука,истите повторно ги разгледува во рок утврден со Статутот на општината .

Градоначалникот го прогласува актот,односно одлуката ,кој по повторното разгледување е потврден од страна на Советот.

Член 115

Општинската администрација ја основа Советот со посебна одлука.

Општинската администрација подготвува акти и врши други стручни работи за Советот како и други работи што ќе им ги довери Советот.

Општинската администрација учествува во подготовката на седниците на Советот и неговите работни тела, и се грижи за средување и чување на актите на Советот како и вршат други работи што ќе им ги довери Советот.

## X.СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 116

Советот меѓусебно доставува податоци со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа кои се потребни за остварување на функцијата ,а со кои располагаат и доаѓаат во текот на работата.

Член 117

За проучување на оделни прашања ,подготвување на прописи ,давање мислења и предлози ,претседателот на Советот како и претседателите на работните тела на Советот соработуваат со раководните лица на подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа.

Ако е потребно, во соработка со градоначалникот на општината се држат заеднички состаноци на кои се заземаат определени заклучоци.

По заклучоците од состаноците Советот на општината, работните тела и подрачните единици на министерствата заземаат свои ставови за кои што заемно се информираат.

Член 118

Советот на општината во соработка со подрачните единици на министерствата ,а со цел да се обезбеди усогласување на прашањата од заеднички интерес,може да образува стручни комисии или работни тела.

## XI. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 119

Советот работи според програма за работа на Советот.

Програмата за работата се утврдува за една календарска година.

За оделни области или за позначајни прашања од својата надлежност, Советот може да донесе и посебни програми.

Член 120

Основи за изработка на Програмата за работа на Советот се: работи кои со Законот и Статутот на општината се ставени во надлежност на Советот,задачите кои произлегуваат од тие акти,заклучоци на Советот,роковите за одржување на седници на Советот утврдени со Закон,предлози на политичките партии,невладини организации, здруженија на граѓани,месни организации и други предлози и иницијативи.

Член 121

Носители на предлозите, на актите и другите матријали, организирањето, подготовките и извршувањето на оделни задачи и работи предвидени со програмата за работа на Советот се должни во предвидените рокови тие акти и матријали да ги достават до Советот на разгледување и усвојување.

Ако од одредени причини тоа не е можно , предлагачот односно носителот на работите е должен за тоа време да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не можел да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

## XII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Член 122

Советот обезбедува информирање на јавност за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа.

Советот по потреба обезбедува информирање на јавноста за работата и на работните тела на Советот.

Член 123

Седниците на Советот се јавни.

Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната или кога се разгледуваат прашања од доверлив карактер.

На расправа за Буџетот на Општината и Завршната сметка на Буџетот, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 124

Заинтерсираните граѓани можат да присуствуваат на седницата на Советот по претходно одобрение од претседателот на Советот.

Член 125

Претставниците на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Советот заради известување на јавноста.

Член 126

Советот може актот кој го претресува, а кој е од посебен интерес за јавноста на општината, да го објави преку локалните средства за јавно информирање.

Член 127

Конференција за печат во врска со работата на Советот се одржува кога за тоа ќе одлучи Советот и претседателот на Советот, а претседателот на Советот за тоа определува претставник кој ќе ја одржи конференцијата за печат.

Член 128

Заради известување за работата на органите на општината се издава "Службен гласник на Општина Прилеп".

Во "Службениот гласник на Општина Прилеп" се објавуваат сите одлуки и други акти што ги донесува Советот и другите органи на општината.

**XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 129

Со влегувањето во сила на овој Деловник претстанува да важи Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/1997 година).

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1711/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 20.12.2004 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борис Ристески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 172/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 23.12.2004 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Сашо Пирганоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 , а во врска со член 91 став 1 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на РМ" бр. 5/2002 ), член 26 став 1 точка 1 и член 129 од Статутот на Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.12. 2004 година, донесе:

О Д Л У К А
за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп

Член 1

Заради усогласување на одредбите на Статутот на општината со одредбите на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" бр.55/2004) и други прописи, се отвора постапка со која ќе се пристапи кон донесување на измени и доплнувања на Статутот на Општина Прилеп.

Член 2

Донесувањето на измените и дополнувањата на Статутот ќе се одвива во две фази и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

Член 3

Се задолжува Статутарно-правната комисија во координација со претседателот на Советот на општина Прилеп, да го изготви предлогот на измените и дополнувањата на Нацрт-Статутот.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1711/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 20.12. 2004 год. | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борис Ристески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ОСНОВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ЦВРСТ И ТЕХНОЛОШКИ ОТПАД**

1. Одлуката за прифаќање на Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1725/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општината Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), а во врска со член 16 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" број 45/97, 23/99 и 45/02), Советот на Општината Прилеп на седницата одржана на 20.12. 2004 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад**

**Член 1**

Се прифаќа Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад.

**Член 2**

Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад во име на Општината Прилеп ќе ја потпише Градоначалникот на Општината Прилеп.

Со потпишувањето на Спогодбата Општината Прилеп се стекнува со статус на основач на Меѓуопштинското јавно претпријатие со сите права и обврски кои произлегуваат од законот, Спогодбата за основање и статутот на Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

**Број 07 - 1711/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**20.12.2004 год. на Советот на Општина Прилеп**
**Прилеп Борис Ристески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК 13 - УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Урбан блок 13 - Урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1723/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 20.12.2004година донесе :

ОДЛУКА
За донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за Урбан блок 13 за Урбан модул 1.

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 13, за Урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот означен како Урбан блок13, за Урбан модул 1 со граници: ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев".

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :
Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2004год.
- Нацрт план на ДУП на Прилеп за Урбан блок 13, за Урбан модул 1. со граници: ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев"бр. 24-156/1 од 09.02.2004год., 24-156/4 од 31.03.2004год., 24-156/7 од 17.06.2004год.
- Стручна ревизија на Нацрт планот: ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул 1 со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев"бр. 24-156/2 од 18.03.2004год.
- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/3 од 31.03.2004год.
- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/6 од 14.05.2004год.
- Стручно мислење од Главниот архитект на градот по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/8 од 18.06.2004год.
- Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 08-884/1 од 02.07.2004год.
- Соопштение за спроведување на Јавната анкета по Нацрт планот :ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/11 од 05.07.2004год.
- Извештај за Јавната анкета за Нацрт планот :ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/13 од 20.08.2004год.
- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/16 од 16.11.2004год.
- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-156/18 од 16.11.2004год.
- **Комплетен примерок од Предлог планот** - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13; урбан модул "1" со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев" бр. 24-156/15 од 03.11.2004год.

**ДУП за УАЕ бр.13 - Урбан блок 13 - Урбан модул 1 - Прилеп**

- Планиран развој -

Текстуален дел :

1. Проектна програма
2. Прдговор

- Планиран развој

3. Процес на работа
4. Цели и задачи на ДУП
5. Поделба на модули
6. Намена на површини
7. Намена на објекти
8. Детален сообраќаен план
9. План на парцелација
10. Висински план
11. План за површини за градба
12. Решенија на секундарните водови и инфраструктура
13. Плански решенија за одстранување и спречување на архитектонски бариери
14. Урбана опрема
15. План на зелени површини
16. Биланс на површините во планиарната состојба
17. Економски образложение
18. Урбани санациони мерки
19. Елементи за заштита на животната средина
20. Мерки за заштита

- Праметри за уредување на просторот ДУП УАЕ бр. 13, Урбан блок 13-урбан модул 1.

1.Општи параметри за уредување на просторот
2. Посебни параметри за уредување на просторот
3. Завршни параметри за уредување на просторот

- Графички прилози

1. Синтезен графички приказ на планските решенија 1 : 1000
1а. Синтезен графички приказ на планските решенија
План на парцелација 1 : 1000
2. Синтезен графички приказ на планските решенија
Сообраќај и инфраструктура 1 : 1000

- Документациона основа

Текстуален дел :

Анализа на постојна состојба
Резиме на постојна состојба

Графички прилози

1. Извод од ГУП 1 : 5000

2. Извод од ДУП 1 : 1000
3. Ажурирана геодетска подлога 1 : 1000
4. Инвентаризација на постоен градежен фонд 1 : 1000

**Член 3**

**Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.**
**Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.**

**Член 4**

**Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-156/18 од 06.12.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.**

**Член 5**

**Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.**

**Член 6**

**Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.**

Број 07 - 1711/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

1. Решението за изменување на Решението за формирање на Комисијата за родова еднаквост, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1723/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 година), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 20.12.2004 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решението за формирање Комисија за родова еднаквост

1. Во Решението за формирање Комисија за родова еднаквост ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 8/2004 год.) во точката 1 се вршат следните измени:
-На местото ПРЕТСЕДАТЕЛ наместо "Ружа Ангелеска" да стои: "Габриела Николоска - член на Советот".
- На местото ЧЛЕНОВИ: наместо "Габриела Николоска" да стои "Ружа Ангелеска, професор по хемија - Гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп".

2. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1711/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

1. Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1723/6 ГРАДОНАЧАЛНИК.
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.12.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор на ЈП за просторни и урабанистички планови - П р и л е п**

1. За членови на Управниот одбор на ЈП за ПУП, претставници на Советот на Општината, се именуваат:

- СЛАВЧО ЦРЦОРОСКИ, дипл. град. инж, за претседател.;
- БЛАГОЈА ТРАЈКОСКИ, дипл.елек.инж, член;
- ГОЦЕ СИЛЈАНОСКИ, дипл. град. инж, чле.

2. Членовите на Управниот одбор на ЈП за ПУП, претставници од редот на вработените, дополнително ќе се именуваат.

3. Решението да се достави до именуваните, ЈКП за ПУП, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1711/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

1. Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1723/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.12.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за просторни и урбанистички планови-Птилеп**

1. За членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за ПУП , се именуваат:

- ДЕНИС БАТАКЛИЕВ, дипломиран економист,за претседател;
- БЛАГОЈА НЕБРЕЖАНЕЦ, дипломиран прврник, за член;
- КАТЕРИНА ЈАКИМОСКА, дипл.економист, за член;
- ВЛАТКО АТАНАСОСКИ, дипл. економист; и
- ИГОР МАРКОСКИ, дипл.економист.

2. Решението да се достави до именуваните, ЈП за ПУП, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1711/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИАНА**

1. Заклучокот по Програмата за развој на туризмот на град Прилеп за 2005 годиана, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1723/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.12.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.12.2004 година, претресувајќи ја Програмата за развој на туризмот на град Прилеп за 2005 година, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Програмата за развој на туризмот на град Прилеп за 2005 година.

2. Да се формира работно тело (Комисија) од претставници на сите туристички агенции во градов, Културниот креативен борд,

АГТИС, Завод и Музеј, Институт за старословенска култура, Центар за култура "Марко Цепенков" и Локалната самоуправа како носител на активностите, со задача да понуди предлози и визија за изготвување Туристичка програма и идејни решенија според предвидените активноти со понудената Програма.

3. Заклучоците да се достават до: Градоначалникот на Општина Прилеп , и архивата на Општина Прилеп.

4. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1711/9 
20.12.2004 година 
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ 
на Советот на Општина Прилеп 
Борис Ристески

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 9/97, 6/02 и 40/03 ), и членовите 16 и 3, точка 6 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" број 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), општините Бач, Белчишта, Бистрица, Битола, Велешта, Вевчани, Витолишта, Вранештица, Делогожди, Демир Хисар, Добрушево, Долнени, Другово, Зајас, Житоше, Кичево, Косел, Кривогаштани, Крушево, Кукуречани, Лабуништа, Македонски Брод, Мешеишта, Могила, Новаци, Охрид, Осломеј, Пласница, Прилеп, Ресен, Сопотница, Старавина, Струга, Тополчани и Цапари на ден __________ 2004 година, склучија

## СПОГОДБА
## ЗА ОСНОВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ЦВРСТ И ТЕХНОЛОШКИ ОТПАД

**Член 1**

Со оваа спогодба општините Бач, Белчишта, Бистрица, Битола, Велешта, Вевчани, Витолишта, Вранештица, Делогожди, Демир Хисар, Добрушево, Долнени, Другово, Зајас, Житоше, Кичево, Косел, Кривогаштани, Крушево, Кукуречани, Лабуништа, Македонски Брод, Мешеишта, Могила, Новаци, Охрид, Осломеј, Пласница, Прилеп, Ресен, Сопотница, Старавина, Струга, Тополчани и Цапари (во натамошен текст: основачи) основаат меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад.

**Член 2**

Називот на меѓуопштинското јавно препријатие гласи:

Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад "Тополчани" Тополчани .

Скратениот назив на претпријатието ќе гласи: МЈП депонија "Тополчани"Тополчани .

Член 3

Седиштето на МЈП депонија Тополчани е во село Тополчани, општина Тополчани .

**Член 4**

МЈП Тополчани се основа заради соодветна, организирана, и квалитетна обработка и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад како и заради регионално стопанисување со цврстиот отпад и комуналната инфраструктура што служи за давање на комунални услуги на корисниците на подрачјето на овие општини и за други заинтересирани лица.

МЈП депонија Тополчани ќе ги врши следните дејности :

90.00.Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности

- обработка на цврсти отпадоци

3 собирање на ѓубре и разни видови отпадоци и секундарни суровини
3 превоз на отпадоци
3 отстранување на отпадоци со горење или на друг начин
3 намалување на количествата на отпадоци

37.10 - рециклажа на метални отпадоци и остатоци
37.20 - рециклажа на неметални отпадоци и остатоци
51.57 - трговија на големо со отпадоци и остатоци
14.21 - вадење на чакал и песок
14.22 - вадење на глина и каолин
74.14 - деловни и менаџмент консултантски услуги под што се подразбира советување и помош во работењето, планирањето, организацијата, ефикасноста и контролата на други јавни претпријатија и заинтересирани субјекти кои се бават со третман на отпадот.

МЈП депонија Тополчани услугите од став 1 и 2 на овој член ќе ги врши и за други заинтересирани лица.

**Член 5**

МЈП депонија Тополчани не може да врши промена на дејноста од член 4 на оваа спогодба, промена на статусот, називот и седиштето без

претходна согласност на мнозинството на основачите.

Согласноста од став 1 на овој член ќе се смета за дадена доколку за одлуката на МЈП депонија Тополчани гласале основачи чии број на население изнесува најмалку 70% од вкупното население во регионот што го покрива МЈП депонија Тополчани

**Член 6**

Основачкиот влог за работа на МЈП депонија Тополчани изнесува 1.250.000 евра (еден милион и двеста педесет илјади евра) во денарска противредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, утврден и објавен на денот на уплатата, што основачите ќе го обезбедат квартално, заклучно со 31.12.2006 година.

Како почетен капитал на МЈП депонија Тополчани основачите ќе обезбедат средства во висина од 150.000 евра најдоцна до денот на уписот на претпријатието во трговскиот регистар.

Почетниот капитал на МЈП депонија Тополчани преставува дел од основачкиот влог за работа на претпријатието утврден со став 1 на овој член.

Висината на учеството на основачите од став 1 и 2 на овој член изнесува:

*во евра*

| **Р. бр.** | ОСНОВАЧИ | **Вкупно учество во основачкиот влог** | **Почетен капитал** | **Остаток во 2005 и 2006 вкупно / квартално** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Бач | 2.190 | 263 | 1927 241 |
| 2. | Белчишта | 8.773 | 1.053 | 7.720 965 |
| 3. | Бистрица | 14.665 | 1.760 | 12.905 1.613 |
| 4. | Битола | 251.123 | 30.135 | 220.988 27.624 |
| 5. | Велешта | 20.677 | 2.481 | 18.196 2.274 |
| 6. | Вевчани | 7.050 | 846 | 6.204 775 |
| 7. | Витолиште | 1.479 | 177 | 1.302 163 |
| 8. | Вранештица | 3.938 | 473 | 3.466 433 |
| 9. | Делогожди | 19.967 | 2.396 | 17,571 2.196 |
| 10. | Демир Хисар | 21.167 | 2.540 | 18.627 2.328 |
| 11. | Добрушево | 6.296 | 756 | 5.540 693 |
| 12. | Долнени | 33.800 | 4.056 | 29.774 3.718 |
| 13. | Другово | 9.564 | 1.148 | 8.417 1.052 |
| 14. | Зајас | 35.206 | 4.225 | 30.981 3.873 |
| 15. | Житоше | 6.409 | 769 | 5.640 705 |
| 16. | Кичево | 88.769 | 10.652 | 78.117 9.765 |
| 17. | Косел | 3.982 | 478 | 3.504 438 |
| 18. | Кривогаштани | 17.499 | 2.100 | 15.399 1.925 |
| 19. | Крушево | 27.968 | 3.356 | 24.612 3.076 |
| 20. | Кукуречани | 7.299 | 876 | 6.423 803 |
| 21. | Лабуништа | 25.546 | 3.066 | 22.481 2.810 |
| 22. | Македонски Брод | 16.434 | 1.972 | 14.462 1.808 |
| 23. | Мешеишта | 7.482 | 898 | 6.584 823 |
| 24. | Могила | 13.169 | 1.580 | 11.589 1.449 |
| 25. | Новаци | 7.169 | 860 | 7.169 789 |
| 26. | Охрид | 158.068 | 18.968 | 139.099 17.387 |
| 27. | Осломеј | 30.972 | 3.717 | 27.255 3.407 |
| 28. | Пласница | 13.659 | 1.639 | 12.020 1.502 |
| 29. | Прилеп | 213.925 | 25.671 | 188.254 23.532 |
| 30. | Ресен | 48.949 | 5.874 | 43.075 5.384 |
| 31. | Сопотница | 6.812 | 817 | 5.995 749 |
| 32. | Старавина | 931 | 112 | 819 102 |
| 33. | Струга | 106.343 | 12.761 | 93.582 11.698 |
| 34. | Тополчани | 8.570 | 1.028 | 7.541 943 |
| 35. | Цапари | 4.153 | 498 | 3.654 457 |
| | ВКУПНО | **1.250.000** | **150.000** | **1.100.000** |

Целосната уплата на почетниот капитал како и редовната квартална уплата на основачкиот влог од ставовите 1 и 2 на овој член преставува предуслов за учество на основачите во управувањето со претпријатието.

**Член 7**

Вршењето на дејноста од член 4 на оваа одлука се обезбедува од средствата остварени преку цената на услугата, од средства на буџетите на основачите како и од други средства согласно законот.

**Член 8**

Во МЈП депонија Тополчани можат да се вложат средства на правни и физички лица во согласност со закон.

**Член 9**

МЈП депонија Тополчани има својство на правно лице и за преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

МЈП депонија Тополчани со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

**Член 10**

МЈП депонија Тополчани е должно да се придржува кон програмата со која се планира развојот и финасирањето на дејноста депонирање на сметот.

**Член 11**

Управувањето со МЈП депонија Тополчани, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа спогодба и статутот на претпријатието.

МЈП депонија Тополчани своето материјално финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди (ИАС).

Годишната сметка и финансискиот извештај на МЈП депонија Тополчани подлежат на ревизија од страна на независна меѓународно призната ревизорска куќа.

**Член 12**

Органи на МЈП депонија Тополчани се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошен текст: надзорен одбор) и директор.
Одлуките за избор на органите од став 1 на овој член се сметаат за донесени доколку за нив гласале органите на општините чии број на население изнесува најмалку 70% од вкупното население во регионот што го покрива МЈП депонија Тополчани.

**Член 13**

Управниот одбор на МЈП депонија Тополчани се состои од 15 (петнаесет) члена, што ги именуваат и разрешуваат советите на општините.

Во Управниот одбор 10 (десет) члена се претставници на општините, а 5 (пет) члена се именуваат од редот на вработените во МЈП депонија Тополчани.

**Член 14**

Претставниците на општините во Управниот одбор се именуваат според единствена листа на кандидати утврдени на следниот начин:
- Општините Битола, Ресен, Бистрица, Цапари, Кукуречани, Могила, Добрушево, Новаци, Бач и Старавина заедно предлагаат 3 члена.
- Општините Прилеп, Тополчани, Витолиште, Долнени, Житоше и Кривогаштани заедно предлагаат 2 члена.
- Општините Кичево, Зајас, Осломеј, Другово и Вранештица заедно за секој непарен мандат предлагаат 2, односно за секој парен мандат предлагаат 1 член.
- Општините Струга, Лабуништа, Велешта, Делогожди и Вевчани заедно за секој парен мандат предлагаат 2, односно за секој непарен мандат предлагаат 1 член,
- Општините Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод, Пласница и Сопотница заедно предлагаат 1 член
- Општините Одрид, Косел, Мешеишта и Белчишта заедно предлагаат 1 член.

**Член 15**

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 2 години.
Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именувањето на нов Управен одбор.

**Член 16**

Одборот за контрола на материјално-финансиското работење (надзорен одбор) на МЈП депонија Тополчани се состои од 5 (пет) члена кои ги именуваат, односно разрешуваат основачите.
**Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 2 години.**

Надзорниот одбор се бира според единствена листа на кандидати предложени од општините Битола, Прилеп, Охрид, Кичево и Ресен.

**Член 17**

За вршител на должноста директор на МЈП депонија Тополчани кој ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање, се именува Сашо Велески со ЕМБГ 1705962440026 .

**Член 18**

Статутот на МЈП депонија Тополчани ќе се донесе и именувањето на органите на управување ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на уписот во трговскиот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на статутот.

Статутот ќе се смета за донесен доколку согласност за неговото донесување дадат советите на општините чии број на жители изнесува најмалку 70% од населението во проектниот регион што го покрива МЈП депонија Тополчани.

Член 19

Оваа Спогодба ќе се смета за склучена кога ќе биде потпишана од овластените преставници на сите учесници во спогодувањето.
Оваа спогодба влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Број 03 - 1726/1 ПОТПИСНИЦИ**
**23.12..2004 год. ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Прилеп**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 9 - Урбан

блок 9/2 Кварт 1. и 2. во Прилеп со граници ул. "Димо Наредникот", Бул. "Маршал Тито", Ул. "Борка Талески" и Кеј "1-ви Мај"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 9 - Урбан блок 9/2 Кварт 1. и 2. во град Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе таре 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план за УАЕ 9 - Урбан блок 9/2 Кварт 1. и 2. во Прилеп ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 1603 /1
01.12.2004 година
Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Градоначалник
Сашо Пирганоски

# С О Д Р Ж И Н А

## на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 11 од 23.12.2004 година

1. Деловник за работа на Советот на Општина Прилеп..................... Стр. 1

2. Одлука за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп..........................................................................................Стр. 14

3. Одлука за прифаќање на Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад....... Стр. 14

4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Урбан блок 13 - Урбан модул 1. ........................................................................................ Стр. 15

5. Решение за изменување на Решението за формирање на Комисијата за родова еднаквост. ........................................................................................ ....Стр. 16

6. Решение за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање................................ Стр. 17
7. Решение за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање. ........................................................................................ ................ Стр. 17
8. Заклучок по Програмата за развој на туризмот на град Прилеп за 2005 годиана........................................................................................................ Стр. 18

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. Спогодба за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад......................................................Стр. 18

2. Одлука за оргханизирање на јавна расправа по На-црт - Детален урбанистички план за УАЕ 9- Урбан блок 9/2, Кварт 1. и 2. во Прилеп со граници: ул."Димо Наредникот", Булевар "Маршал Тито", ул."Борка Талески" и "Кеј 1-ви Мај" ..........................................................................................Стр. 21

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.